Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Архитектонски факултет - Скопје

Врз основа на член 65 од Статутот на Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник" бр. 473/2019) а во врска со член 2 став 4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Сл. весник на РМ" бр. 46/2016), деканот на Архитектонскиот факултет ја донесе следната

# ПРОЦЕДУРА
## за заштитено внатрешно пријавување на Архитектонскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

### I - Општи одредби

Член 1

Со оваа Процедура се уредува начинот на вршење прием на пријави заради разумно сомневање или сознание дека на Архитектонскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот), е извршено, се извршува, или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или се загрозува јавниот интерес, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, со примена на прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицирани информации.

Член 2

Укажувач за постоење на дејствие од членот 1 на оваа Процедура може да биде секое лице кое:

- има засновано работен однос на неопределено или определено време на Факултетот;
- е кандидат за вработување на Факултетот;
- по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа на Факултетот;
- по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со Факултетот;
- користи или користело услуги на Факултетот;

Член 3

Како јавен интерес кој се повредува или загрозува со дејствијата кои се пријавуваат врз основа на Правилникот, се смета заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

Член 4

Секое од лицата наведени во член 2 има право да се јави како укажувач, односно да поднесе пријава до овластеното лице на Факултетот.

За да можат вработените да го користат правото на пријавување на дела согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи, на Факултетот, во ниту еден договор или акт со кој се уредуваат работните односи и ангажмани, нема да постои одредба со која се забранува пријавување на сомневање или сознание дека е извршено, се извршува, или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување, со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, или пак таквото пријавување се дефинира како прекршување на одредби за доверливост, лојалност и професионалност.

Во случај на постоење на одредба со содржина идентична или слична на онаа истакната во став 2 на овој член, истата ќе се смета за ништовна и нема да произведува правно дејство.

## II - Постапување по пријавување

Член 5

На Архитектонскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, заштитеното внатрешно пријавување се врши до раководното лице, односно до Деканот на Факултетот во Скопје (во натамошниот текст: раководно лице).

Секое од лицата наведени во член 2 има право да се јави како укажувач, односно да поднесе пријава до раководното лице.

Раководното лице, заради спроведување на заштитено внатрешно пријавување треба да му се обезбеди независност и непреченост во работата и тоа:

- простор за работа соодветен за прием на странки;
- посебен компјутер обезбеден со посебна лозинка позната само на раководното лице, со интернет конекција и посебно електронско сандаче обезбедено со посебна лозинка позната само на раководното лице;
- посебен приемен штембил;
- посебен деловодник;
- посебно поштенско сандаче;
- посебна телефонска линија;
- документарен ормар за обезбедено чување на примените пријави, записниците, примените и создадените документи и други материјали во врска со заштитеното внатрешно пријавување, посебниот деловодник и приемниот штембил;

Заради обезбедување тајност и заштита на личните податоци кои се примаат и обработуваат, согласно прописите за заштита на личните податоци, се обезбедуваат и применуваат соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка.

Член 6

Укажувачот може да ја поднесе пријавата писмено или усно, по сопствена волја.

(1) Доколку пријавата е добиена усно, раководното лице е должно да состави записник во кој задолжително се содржани следните податоци:

а) Податоци за укажувачот:
- име и презиме;
- категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач;
- барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој тоа го бара;

б) Податоци за лицето односно субјектот против кој укажувачот пријавува;

в) Опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес;

г) Предложени од укажувачот начин и форма на комуникација помеѓу раководното лице и укажувачот;

д) Прилози;

ѓ) Датум и место на прием на пријавата;

(2) Совпаѓањето на податоците од усната пријава во содржината на записникот се потврдува со личен потпис на укажувачот и раководното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување.

(3) Записникот од ставот (1) на овој член се заведува како примена пријава.

Записникот се составува во еден оригинал, а на барање на укажувачот, може да му се издаде копија.

(4) Доколку укажувачот одлучи пријавата да ја поднесе писмено, истата може да ја поднесе по пошта со препорачана пратка, или во писмена форма лично да ја поднесе до раководното лице на Факултетот.

(5) Кај анонимните пријави се постапува во целост со член 6 од оваа процедура, со тоа што записникот го потпишува само раководното лице.

Член 7

По приемот на пријавата, раководното лице е должно веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена од приемот на пријавата, да преземе дејствија заради проследување до надлежните државни органи заради постапување по истата.

Раководното лице е должно во писмена форма или по електронски пат да го извести укажувачот за преземените дејствија во врска со пријавата, во рок од 15 дена од приемот на пријавата, освен во случаи на анонимна пријава.

Член 8

Доколку раководното лице утврди од содржината на пријавата дека истата, согласно Законот за заштита на укажувачи треба да биде пријавена со заштитено јавно или заштитено надворешно пријавување, ќе ја прими пријавата, но истовремено ќе го информира укажувачот за соодветниот начин на пријавување кој треба да го преземе.

## III - Заштита на укажувачот

Член 9

Раководното лице е должно да потпише Изјава за неоткривање на лични податоци, во согласност со прописите за заштита на лични податоци.

Ниту едно лице кое нема дадено изјава за заштита на лични податоци во согласност со прописите за заштита на лични податоци, нема да има право да спроведува заштитено внатрешно пријавување во согласност со овие Процедури.

Член 10

При приемот на пријавата од страна на укажувачот, раководното лице е должно да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежниот орган, ако доколку без откривање на идентитетот не би било можно да се постапува пред тие органи, како и да го извести за мерките за заштита на учесникот во кривична постапка.

Член 11

Раководното лице е должно да преземе мерки за заштита на укажувачот и нему блиските лица од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие, или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршено пријавување.

Мерки кои раководното лице ќе ги преземе заради заштита определена во став 1 од овој член, вклучуваат заштита на податоците на укажувачот и нему блиските лица и итно пријавување на настанот во соодветната институција.

По укажување од страна на укажувачот за постоење на други лица кои исто така би можеле да трпат повреда опишана во став 1 на овој член, раководното лице е должно да ги превземе мерките за заштита и во однос на овие лица.

Член 12

Раководното лице е должно да му гарантира анонимност на укажувачот, како и да му гарантира заштита на личните податоци согласно со прописите за заштита на лични податоци.

Раководното лице нема под ниту една околност, освен врз основа на правосилна судска одлука, да го открие идентитетот на укажувачот на било кое трето лице. Во случај на правосилна судска одлука, раководното лице ќе го открие идентитетот само во обем утврден со таквата одлука.

Во случај на прием на судска одлука со која се наложува откривање на идентитетот на укажувачот, раководното лице е должно веднаш да го извести укажувачот за постоењето на истата. Укажувачот, по сопствена волја и уверување, може лично да го открие својот идентитет.

Член 13

Раководното лице е должно во писмена форма, заедно со известувањето за преземените дејствија во врска со пријавата утврдено во член 6 од оваа Процедура, да го извести укажувачот и за преземените дејствија заради негова заштита и заштита на нему блиските лица и трети лица кои би можеле да трпат штета од пријавата.

Член 14

Доколку укажувачот поднесува пријава која се однесува против Деканот на Факултетот, како и доколку укажувачот не бил информиран за преземени мерки во рокот утврден со член 7, став 2 од оваа Процедура, истиот има право на заштитено надворешно пријавување до Министерството за внатрешни работи, надлежното јавно обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Македонија или други надлежни институции.

Укажувачот може да поднесе и пријава по пат на заштитено надворешно пријавување, доколку не е задоволен од постапувањето, доколку се сомнева дека нема да се преземат мерки, или дека заштитеното внатрешно пријавување ќе предизвика штетни последици по него или по негово блиско лице.

Член 15

Укажувачот има право и на заштитено јавно пријавување, на начин што јавно ќе ги стори достапни информациите во врска со сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво дело со кое се повредува или загрозува животот на укажувачот и нему блиско лице, здравјето на луѓето, безбедноста, животната средина, штети од големи размери, односно ако постои непосредна опасност од уништување на докази.

Со цел укажувачот да ја ужива заштитата врз основа на Законот за заштита на укажувачи, истиот, пред да ги стори информациите јавно достапни, претходно мора ваквите информации да ги пријави до раководното лице, или до надлежната институција.

Укажувачот кој врши заштитено јавно пријавување е должен да ја почитува презумцијата на невиност на пријавениот, правото на заштита на личните податоци на пријавениот, како и да не го загрозува водењето на судската постапка.

## IV -Администрирање на постапки

Член 16

Раководното лице е должно да води посебна евиденција за примените пријави од страна на укажувачите.

Посебната евиденција ќе содржи датум на пријава, начин на пријава како и потврда дека е заштитен идентитетот на пријавувачот.

Раководното лице ќе чува примероци од записниците за усна пријава и писмените пријави, како и сите докази и прилози кон истите во посебно заштитено место до кое немаат пристап лица без овластување.

Член 17

Раководното лице е должно да води евиденција за бројот на поднесени пријави и да доставува полугодишни извештаи за примени пријави до Државната комисија за спречување на корупција.

## V - Преодни и завршни одредби

Член 18

Процедурите за заштитено внатрешно пријавување на Архитектонскиот факултет во Скопје ќе се објават на веб страната на Факултетот заради запознавање на сите лица согласно наведени во член 2 од Процедурата со неговата содржина.

Член 19

Процедурата стапува на сила на денот на донесувањето.

Декан,
Проф. д-р Анета Христова Поповска